Проектот е финансиран од
Фондацијата Отворено општество – Македонија

**Оглас за 2 (две) експертски позиции за подготовка на подзаконски акти**

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) за потребите на проектот *„Акција за унапредена правна и институционална заштита на водите“* финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество-Македонија, спроведува постапка за ангажирање на 2 (два) експерти за подготовка на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за водите.

## 1. Опис на проектот

Проектот *„Акција за унапредена правна и институционална заштита на водите“* го спроведува Македонското здружение на млади правници во соработка и поддршка со Министерството за животна средина и просторно планирање, а е финансиски поддржан од Фондација Отворено општество-Македонија. Проектот цели кон зајакнување на правната и институционалната рамка за управувањето и заштитата на водите преку (1) унапредување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за водите; (2) поддршка на внатрешната организација и работа на Секторот за води во рамки на Министерството за животна средина и просторно планирање и (3) граѓаните се информирани за зголемена заштита на водите преку ново воспоставените правила.

## 2. Делокруг на работа

Ангажманот во рамки на проектот предвидува изработка на 2 (два) подзаконски акти за мониторинг на водата која се користи за наводнување од членот 151 и за мониторинг на водата од одводнување на земјиштата од членот 152 од Законот за водите. Подзаконските акти треба да ги утврдат техничките услови, начинот и постапката за мерење на водата за наводнување, односно одводнување.

Целта на активноста е применување на инклузивен пристап при изготвување на подзаконските акти кои треба да доведеат до унифицирана и стандардизирана практика при мерење на количеството на вода, унифициран начин на водење на евиденцијата и доставување на податоците до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Заради остварување на вака поставените цели, ангажираните експерти треба:

- Во соработка со проектниот тим да ги дефинираат засегнатите страни за конкретниот подзаконски акт
- Во соработка со проектниот тим да подготват теми и прашања кои ќе бидат предмет на консултативните состаноци со засегнатите страни и да присуствуваат на истите
    - МЗМП ќе ги организира состаноците со засегнатите страни
- Да изготват нацрт подзаконски акти за техничките услови, начинот и постапката за мерење на водата водата за наводнување, односно одводнување (член 151 став 2 и член 152 став 2 од Законот за водите)
- Да присуствуваат на јавната расправа за изработените подзаконски акти која е планирано да се одржи во првата половина на ноември 2022 година
    - МЗМП ќе ја организира јавната расправа

Проектот е финансиран од
Фондацијата Отворено општество – Македонија

- Да изготват финални подзаконски акти за техничките услови, начинот и постапката за мерење на водата водата за наводнување, односно одводнување кои во себе ќе ги вклучуваат забелешките и коментарите добиени на јавната расправа
- Да подготви извештај за изработени работни часови

3. **Право на учество**

Експертите треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- Завршено високо образование од областа на техничките науки;
- Најмалку 10 (десет) години работно искуство во водниот сектор;
- Предходно практично искуство од областа на мерење на проток на водоводни инсталации и познавање на мерни уреди за проток;
- Претходно искуство во изработување, односно учество во изработување на закони, подзаконски акти и/или стратешки документи.

4. **Временска рамка**

Ангажманот за изработка на подзаконскиот акт ќе трае од септември до ноември 2022 година.

5. **Надомест**

Вкупниот надомест за извршените услуги не смее да ја надминува сумата од 88.380,00 денари со вклучен персонален данок на доход.

6. **Изготвување и поднесување на понудите**

Понудата треба да содржи:

I. Кратка биографија (CV)
II. Портфолио и референци кое во себе ќе вклучува информации за изработени стручни документи и законски, подзаконски или стратешки документи
III. Финансиска понуда

Понудата треба да се достави по електронски пат, на е-пошта: btrpevski@myla.org.mk и dnastevska@myla.org.mk со назнака: Понуда за експерт за изработка на подзаконски акти. Понудите треба да се доставaт најдоцна до 16.09.2022 година до 13:00 часот.

7. **Процес на селекција и бодување**

Пристигнатите понуди ќе бидат оценети во рок од 3 дена по завршувањето на рокот од точката 6 од ова барање. Понудите ќе се оценуваат според следните критериуми:

i. Евалуација на портфолиото на понудувачот (најмногу 80 бода)
ii. Понудена цена (најмногу 20 бода)

Понудите од понудувачите кои не ги исполнуваат условите од точка 3 од ова барање нема да бидат разгледувани.

Понудувачите ќе бидат известени за исходот од оценувањето на понудите.

Лице за контакт за барањето: Бојан Трпевски – btrpevski@myla.org.mk 074 601 004